# МИСИОНСКИ
# ПРОПОВЕДИ





ПРВО ТРИМЕСЕЧЈЕ 2023

## Вовед

Мисионскиот жар е најдобар показател за духовното здравје на црквата. Еден од најдобрите начини за негување на мисионската совест, се мисионските саботи кои имаат за цел создавање евангелска клима во црквата. Да се потрудиме во 2023 година, првата сабота во месецот, да ја посветиме на мисионството и да ја продолжиме добрата практика која има долга традиција во адвентизмот. Ако таа повеќе не постои, треба да вложиме напори да ја воскреснеме или да ја збогатиме со нови содржини. Мисионските проповеди за 2023 година се преземени од списанието Пастир, кој го издава северната област при ЈИЕУ.

Ласло Галус

*1. Сабота, 7 јануари 2023 година*

## ЧУВАЊЕ НА ЕДИНСТВОТО ВО ЦРКВАТА: ПОУКИ ОД ЕРУСАЛИМСКАТА ЦРКВА (Дела 4,32)

„А множеството на оние, кои поверуваа, имаше едно срце и една душа“ (Дела 4,32). Лука го опишува единството кое владеело меѓу првите Христови следбеници во Ерусалим.

„Еднодушно“ е уште еден омилен израз за прикажување на црквата која уживала мир и хармонија (Дела 1,14; 2,46). Навистина апостолската црква била соединета црква.

Сепак, Лука не пропушта да спомене и неколку настани кои укажувале на несогласувањата и борбите меѓу Исусовите следбеници. Најочигледни биле контроверзите околу резервите на храна за вдовиците (Дела 6,1); судирот поради Петровата посета на незнабожецот Корнелиј (Дела 11,2.3); Ерусалимскиот собор заради обрежувањето (Дела 15, 1.2.7); расправата меѓу Павле и Варнава (Дела 15,36-40) и други два случаи за кои малку подоцна ќе зборуваме.

Каква стратегија се наоѓа во Лукиното опишување на раната црква. Од една страна тој го опишува единството на црквата, а од друга страна не се двоуми да ја покаже неслогата што постоела меѓу верниците (пр. Дела 15,2).

За да го разбереме пишувањето на Лука за единството и судирите, потребно е да се насочиме на три карактеристики. Најпрвин контекстот, во кој Лука зборува за единството во црквата, открива дека повеќето изјави поврзани за согласноста претставуваат заклучни реченици. Тоа се кратки извадоци кои не се однесуваат на поединечните настани, туку на општите описи на временскиот период. (Дела 1,14; 2,42-46; 4,32-35; 5,12-16; 9,31).

Би можеле да кажеме дека Лука ги заокружува своите изјави за судирите со заклучни реченици за хармонијата. Со други зборови, црквата не живеела во хармонија и без проблеми, но постојано од почетокот можела да постигне ново единство. Хармонијата не претставувала непроменлива состојба, туку трајна цел која често пати се достигнувала.

Второ, во сите извадоци кои зборуваат за судирите, Лука не го наведува само проблемот туку зборува на кој начин тој проблем под водство на Светиот Дух бил разрешен. Лука бил заинтересиран за прикажување на решението на судирот. Исклучок може да биде кавгата меѓу Павле и Варнава (Дела 15,36-40), која довела до разидување. Но исходот бил зголемување на мисионската работа, бидејќи двајцата отишле на различни места да го проповедаат евангелието.

Трето, стратегијата на Лука го опфаќа и начинот на кој, откако проблемот ќе бил разрешен, евангелието многу посилно се проповедало а црквата брзо растела (Дела 5,12; 6,7; 11,19).

Овие карактеристики доведуваат до заклучок дека Лука едноставно не сакал само да ја опише ситуацијата, туку и начинот на кој решението доведувало до исполнување на целта. Тој на своите слушатели не им ја пренесува само историјата, туку и уверувањето дека е можно да се постигне единство. Тој ги

охрабрува да не се занимаваат со судири ниту пак да се одвојуваат од оние кои имаат поинакво мислење (Дела 15) или да ја префрлаат вината едни на други (Дела 6,1-7), туку да се потпрат на влијанието на Светиот Дух и да копнеат за единство. Како што можеме да видиме во Дела 15, средствата за постигнување договор главно се состојат од разговори (7 стих), обрнување внимание на Божјето водство (стихови 7-12,14) и советување со Светите списи (стихови 15-18). Во денешно време можеме да бидеме охрабрени кога ќе видиме дека и ранохристијанската црква се борела со проблеми кои биле слични на нашите и, дека со Божје водство, може да се совладаат проблемите што ги погодувале.

**Да се бара Божјата одлука**

Лука споменува два настана во животот на раните христијани во кои директната Божја интервенција а не толкувањето на Писмото го спречило немирот во црквата. Темата на овие судири била борбата за општествен статус. Се чини дека прашањето на статусот било многу опасно за црковното единство, исто како и доктринарните разлики (Дела 11,1-18; 15,1-33), и прашањата поврзани за однесувањето (Дела 6,1-7; 15,36-40). Интересно е што овие два настана не се препознаваат секогаш како призори на несогласувања.

Првиот настан го вклучува изборот на Матиј во Дела 1,15-26. Во раната црква 12 апостоли биле најмоќни претставници на Исусовите следбеници. Тие уживале најголем авторитет. По смртта на Јуда, Петар предложил недостатокот да се пополни и да се избере нов сведок на Исусовата служба. Лука пишува дека во Ерусалим се собрале околу 120 Исусови следбеници (Дела 1,15).

Според Петровиот предлог, се согласиле да поставаат критериум за оној кој требало да се квалификува за задачата: некој кој бил со Исуса од почетокот и бил сведок на Неговото воскресение (стихови 21 и 22). Овие критериуми укажувале на висока општествена положба.

Биле номинирани двајца кандидати: Јосиф, наречен Варнава,

кој бил познат како Јуст и Матија (23 стих). Што значело да има двајца кандидати? Во општеството кое навикнало на демократски избори било нормално па дури и пожелно да постојат двајца или повеќе кандидати за служба. Гласањето на заедницата потоа одлучувало кој ќе биде избран. Но, во општеството кое го одредувало начинот на функционирање на заедницата како во стариот Ерусалим, било поинаку. Двајца кандидати - тоа значело дека водечките фигури не можеле да се договорат за еден од нив, така што заедницата се поделила околу нив. Во неа двајцата имале свои истомисленици и противници. Демократското гласање би создало губитници. Во традиционалното општество на првиот век, на крајот губитникот не би останал само без почесната служба, туку во целост би ја изгубил и својата чест.

Во секое општество поединците ја препознаваат важноста да не се изгуби честа, туку да се стекне почитување и слава. Во римската култура на првиот век, тоа била уште поважна тема. (Bruce J. Malina and Jerome H. Neyrey, *"Honor and Shame in Luke-Acts: Pivotal Values of the Mediterranean World," in The Social World of Luke-Acts,* ed. Jerome H. Neyrey, 25–65.) Честа била најпосакувано добро, многу поважно од парите. Таа исто така била и ограничено добро. Тоа значело дека некој може да стекне чест само на сметка на другите. Ако некој ја примил честа за избор на некоја важна положба, другите кандидати биле осрамотени. Првите христијани во Ерусалим се соочиле со тешка ситуација која можела да доведе до отворена борба околу статусот во групата.

**Како бил спречен овој судир?**

Лука известува дека најпрвин се молеле Господ да покаже кој кандидат го избрал, но потоа за нив фрлале ждрепка. Ова е единствен случај во Новиот Завет фрлањето ждрепка да се користи за бирање на одредена личност за служба. Се чини тоа не бил обичај во тоа време. Кога фрлањето ждрепка би било вообичаено, тие не би се мачеле да поставаат критериуми за именување на кандидатите. Молитвата за Божја одлука и фрла-

њето ждрепка била начин да се излезе од дилемата со која се соочиле кога не можеле да постигнат консензус околу кандидатите. На крајот Матиј ја добил положбата, не поради своите достигнувања, туку поради Божјата суверена одлука.

За да ја разбереме културата на првиот век, потребно е да ја разбереме важноста на разликата помеѓу стекнатата и применатa чест. За да победат во борбата за статус, поединците морале нешто да вложат. Некој морал да потроши пари за некоја јавна градба или добротворна установа во општеството; некој морал да победи во натпреварувањето и да ја зголеми славата на градот или, пак, да стане заштитник на сиромашните за да го зголеми бројот на оние кои го поддржуваат. Сите овие дела биле соодветни за победување на реалните или замислените ривали во битката за добивање стекната чест. Се разбира, овие дела секогаш покрај себе оставале и личност која изгубила и била посрамотена.

Припишаната чест не била резултат на личните напори туку се добивала со раѓање или семејни врски. Таа се наследувала или се давала на некоја личност со суверена одлука од страна на личноста која имала поголема моќ. Не можело ништо да се направи за да се добие. Како последица на тоа припишаната чест не ја осрамотувала личноста која не ја примила, бидејќи таа не била одговорна за неа.

Кога Матиј станал еден од 12 ученици тоа не било затоа што победил со групата која го поддржувала. Тој не ја стекнал оваа чест, туку Бог му ја дал. Кога групата Исусови следбеници предложила двајца кандидати и се соочила со можните судири меѓу нив, тие се обратиле на највисокиот авторитет.

Молитвата и фрлањето ждрепка била необична но многу мудра одлука, која требало да го сочува единството на групата. Лука укажува на тоа на крајот од извештајот за изборот на дванаесеттиот апостол, користејќи ги заклучните реченици за хармонијата во црквата. Пред изборот, тој вели дека сите заедно биле еднодушни во молитвите (Дела 1,14) и дека го примиле Светиот Дух. Тоа значи дека оваа група на Исусови следбеници

не живеела во непрекината хармонија, туку ја совладала ситуацијата во која многу лесно можело да дојде до несогласување.

**Божјата интервенција**

Темата за борба околу статусот повторно се појавува во инцидентот на Ананија и Сафира (Дела 4,36-5,11). Овој пат борбата не била спречена туку станала отворена. Со Божја интервенција едната страна на ривалитетот не ја изгубила само својата чест, туку на крајот го изгубила и својот живот. За што се работело?

Раната црква многу се трудела да ги поддржи своите сиромашни верници со давање храна. Имале заеднички оброци и на тој начин се грижеле за сиромашните (Дела 2,44-46; 4,32-35). Верниците кои биле побогати обезбедувале доволно храна за сиромашните. Но по одредено време немало доволно храна за сите. Тоа навело некои побогати верници да продадат одреден дел од својот имот и да им ги дадат парите на апостолите. На тој начин можеле да продолжат со заедничките оброци. Во римската култура на првиот век, бил познат обичајот богатите членови на општеството да ги спонзорираат заедничките оброци како и другите општествени потреби. Позитивниот став кон јавните потреби била голема доблест во древниот свет. Богатите дури имале и одредени обврски да сторат нешто за општеството во коешто живееле. Истражувањата покажале почесни натписи со имиња и дела на спонзори кои пружиле професионална, етничка и врска доброволна помош (Markus Öhler, *"Die Jerusalemer Urgemeinde im Spiegel des antiken Vereinswesens,"*, *New Testament Studies 51, no. 3* /2005/: 393–415.)

Ранохристијанската црква не барала сите да ги предадат своите имоти на апостолите. (Дела 5,4; 12,12). „Никој не велеше дека нешто од неговиот имот е негово, туку сѐ им беше општо“ (Дела 4,32), заклучува Лука во својата завршна изјава (Дела 4,32-35) било опис на внатрешниот став на богатите верници кон својот имот, а не опис на законската состојба на имотот. По овој заклучок Лука изнесува два примера на спонзорирање на про-

грамите на исхрана во црквата. Најпрвин, тој го споменува позитивниот пример: Јосија, кој ја заработил оваа јавна чест, добил почесно име. Тоа е случај на стекната чест и многу познат обичај на препознавање на спонзорството. Апостолите му дале име Варнава, што значи „син на утехата“ (Дела 4,36.37), откако дал великодушен дар во црквата за време на една тешка финансиска ситуација. Честа која Јосиф Варнава ја примил му дала предност во статусот над останатите членови на црквата кои припаѓале на истите општествени слоеви. Другите сопственици на имоти сега се наоѓале во пониска положба бидејќи Јосиф ја примил честа, а не тие. Како сите други поединци во древниот свет, Ананија и Сафира се чувствувале повикани да се натпреваруваат со Варнава за иста или поголема чест од онаа што ја добил тој.

Тоа значи дека имаме отворен судир околу статусот во првата црква. Светиот Дух му овозможил на Петар да согледа дека Ананија и Сафира не се грижеле за доброто на црквата, туку мислеле единствено на сопствениот интерес. Тие посакувале исклучителна чест без исклучителна жртва (Ernst Haenchen, *Die Apostelgeschichte, Kritischexegetischer Kommentar über das Neue Testament,* 199).

Стекнувањето чест со измама се сметало за престап или навреда. Слушателите на евангелието според Лука сигурно ја разбрале ситуацијата во оваа светлина. Борбата околу статусот била постојан проблем во раната црква, а тоа го согледуваме во повторените молби од страна на Исус и Павле луѓето да не копнеат по чест (Лука 14,7-10; Галатите 5,26; Филипјаните 2,3; Римјаните 12,10.16).

Судирот бил надминат со божествена интервенција, а не со човечка акција. Петар не ја изрекува пресудата, туку зборува за Бога. Тој ги објавува фактите во овој случај и укажува на последиците. Решението на конфликтот вклучува покорување на божествениот авторитет кој дејствува како врховен судија со тоа што ја завршува нечесната борба за моќ во црквата. Потоа во црквата се обновува коректната хиерархија на честа.

На крајот Бог е тој кој го спасува единството на црквата. Така може да ја согледаме поуката во овој судир. Задачата на поединците во црквата е со помош на Светиот Дух да го препознаат Божјето дејствување. Лука повторно ја става позитивната заклучна реченица пред и после извештајот за судирот (Дела 4,32-35; 5,11-16). Како последица на Божјата акција, целата група стекнала јавна чест. Луѓето биле исполнети со почит кон црквата и високо ги ценеле нејзините верници (Дела 5,13).

**Заклучок**

Во денешно време црквата се соочува со слични проблеми на несогласување кои се предизвикани од скриени или отворени борби на верниците кои сакаат да остварат супериорност во својот статус. Пораката на Лука нè охрабрува: единството во рамките на заедницата на верните е можно ако сите оние кои се вклучени во судирот се подготвено своите разлики да ги положат на молитвениот олтар и да ја бараат Божјата волја преку дејствувањето на Светиот Дух. Статусот и положбата не треба да се бараат или задржуваат без оглед на ризикот на повредување на Христовото тело. Христос е господар на црквата и Неговата волја значи дека црквата мора да биде единствена, како што се единствени Таткото и Синот (Јован 10,30).

*2. Сабота 4 февруари 2023 година*

## <u>Политика во црквата</u>

Дали има место за политика во црквата? Зарем идејата за политика во црквата не е контрадикторна? Следната проповед се занимава со ова важно прашање и ги изнесува принципите кои ќе ни помогнат да се носиме со политиката која ја сретнуваме дури и во црквата.

**Пронаоѓање рамнотежа**

Политиката е процес на доведување во рамнотежа на спротивните интереси во одреден општествен систем. На пример, во островската држава Фиџи, заедно живеат двете главни етнички групи: староседелците Фиџијци и азиските Индијанци. Двете групи имаат малку заеднички работи. Вродените Фиџијци имаат темна кожа (Меланезијци) и со векови живеат на самиот остров. Индијците имаат посветла кожа и се придојдени во периодот на колонизација. Фиџијците се грижат за фармите и живеат на селските подрачја додека Индијците повеќе се занимаваат со бизнис и живеат во градовите. Фиџијците се повеќе наклонети кон христијанството, додека Индијците вообичаено се муслимани или Хиндуси. Кога се работи за поделба на ресурсите на оваа островска нација, интересирањето на Фиџијците и Индијците скоро секогаш се разликува. Токму затоа политичкиот начин за зачувување на мирот и благосостојбата е различните политички интереси на овие две групи секогаш да се држат во рамнотежа, иако понекогаш е многу тешко таа да се постигне.

Слично на тоа постојат спротивни интереси во сите верски организации. Растејќи во Њујорк Сити се сеќавам на напнатоста во мојата област која постоеше меѓу Шпанците и белците. Моќта во областа историски ја поседуваа белците, иако побројни беа верниците од шпанско говорно подрачје, така што сметале дека често се запоставувани во поделбата на моќта и ресурсите. Бараа подобра застапеност, во спротивно се закануваа дека ќе се одвојат и ќе направат своја област. Денеска се силни и постојано настојуваат составот и водството на црквата да го одразува етничкиот состав на верниците. Дали ни се допаѓало или не, тоа е политика во црквата.

**Спротивни интереси**

Теолошките разлики исто така можат да предизвикаат спротивни интереси. На пример меѓу адвентистите на седмиот ден секогаш постоела одредена напнатост помеѓу фокусот на исцелување и служба наспроти доктринарниот фокус кој се

базира на проучување на библиската апокалипса. Двата фокуси се втемелени на Писмото и советите на Елена Вајт, но имаат тенденција да поведат во различни теолошки правци. Исцелувачката страна на адвентизмот е склона да води кон надворешен фокус со цел светот да стане подобро место, додека апокалиптичната страна е склона да води кон внатрешен фокус на избегнување на заразата која доаѓа од светот. Природно кога ќе се состанат адвентистите од двете страни, може да дојде до напнатост. Теолошките дискусии лесно може да се исполитизираат, кога исходот на таквите дискусии може да доведе до зајакнување на интересите на едната или другата страна. Дали постои начин ваквата политизација да се избегне? Дали Бог ја изразува својата волја преку исходот на политичката дебата или пак таа им отежнува на луѓето да го слушнат Божјиот глас? Дали е можно да се доведат до рамнотежа спротивните интереси во црквата без да настанат конфликти? Дали секогаш политиката во црквата е лошо решение?

**Докази во Новиот завет**

Ако површински го набљудуваме Новиот завет очигледниот одговор на прашањето би бил не. Исусовото учење е јасно: „А Јас пак ви велам: не противете му се на злото; туку, ако некој те плесне по твојот десен образ, сврти му го и другиот... А Јас ви велам: Љубете ги своите непријатели и молете се за оние, кои ве гонат“ (Матеј 4,39.44)

Тоа како да остава малку простор за спротивните интереси во црквата. Сите подгрупи во црквата треба да го усвојат Исусовиот став на самопожртвуваност во однос на другите луѓе.

Сепак, ако внимателно го погледнеме Новиот завет, ќе видиме дека проповедта на гората на благословите дури и во најраната црква често пати не се почитувала. По Педесетница, во Ерусалимската црква настапиле спротивни интереси (Дела 6). Се чини дека ерусалимската црква поставила безбедносна мрежа за вдовиците во црквата кои можеби биле напуштени од своите семеј-

ства во моментите кога го прифатиле Христа. Верниците кои зборувале грчки, се жалеле дека грчките вдовици не добиваат еднакви оброци со храна. Жалбата била изнесена пред апостолите и тие одговориле дека не е нивна одговорност да го занемарат проповедањето и наместо тоа да се занимаваат со поделба на храната.

Тие ја повикале црквата да постави седуммина луѓе-ѓакони кои требало да ги решаваат ваквите проблеми. Нивните имиња биле многу интересни: сите ѓакони имале препознатливо грчки имиња, што значи дека можеби тие биле додадени во водството со цел грчките интереси да бидат чесно претставувани.

Проблемот во црквата се однесувал на спротивните интереси; било направено решение со цел занемарениот дел на црквата да биде претставен во процесот на донесување одлуки. Тоа звучи како политичка одлука, зарем не?

Подоцна (Дела 15,36-39), Павле и Варнава размислувале за второто мисионерско патување. Претходното патување донекаде било оневозможено кога Јован Марко, роднината на Варнава ги напуштил апостолите во многу тешко време. Варнава сакал да му даде втора можност, но Павле не се согласувал на тоа. Варнава го повел Марко со себе, додека Павле побарал друг соработник. Зар не можеле еден на друг да си го свртат образот? Можеби можеле, но не го направиле тоа? Наместо тоа, избрале да одат по одвоени патишта, барајќи „политичко решение“ за нивниот судир.

Еден помалку познат настан има допирни точки со Павловата последна посета на Ерусалим. (Дела 21,16). Павле, Лука и одреден број други христијани помеѓу кои и еден кој потекнувал од незнабоштво по име Трофим, дошле во Ерусалим и престојувале во домот на Мнасон кој бил еден од раните Христови ученици (веројатно еден од седумдесетмината кои се спомнуваат во Лука 10). Текстот вели „Кога стигнавме во Ерусалим, браќата нè примија радосно“ (Дела 21,17) На прв поглед се чини дека Павле и неговото друштво биле многу убаво примени во Ерусалим. Но сепак, следниот ден било јасно дека стотици верници од еврејско потекло во Ерусалим уште немале информација дека Павле

пристигнал (22 стих) така што помислувале најлошо за него. По советот на апостолите да им се удоволи на другата група верници, Павле бил уапсен во храмот и неговата јавна мисија, запишана во книгата Дела на апостолите, била завршена.

Јасно е дека многу години после настанот во Дела 6 глава, црквата во Ерусалим останала поделена помеѓу Грците и Евреите. Мнасон кој бил грчки верник од Кипар многу љубезно го примил Павле. Остатокот на црквата во градот не се согласувале со него, така што Павле завршил во затвор. Овој краток преглед на само една книга од Новиот завет јасно покажува дека политиката во црквата била правило а не исклучок (погледнете во Галатите 2,11-14). Ако самите апостоли не можеле да ја избегнат, не треба да очекуваме ни од црковните водачи во целост да ја избришат политиката од црквата.

**Политиката и верата**

Ако политиката е правило а не исклучок, како може да управуваме со политиката без да се загрозува евангелието? Иако поединци понекогаш може да го свртат и вториот образ или да го усвојат Исусовиот дух на самопожртвуваност, групите луѓе со заеднички етнички и теолошки интереси ретко го прават тоа. Политиката на претставува идеал туку животен факт.

Како можат верските водачи да управуваат со политиката која настанува од спротивставените интереси во црквата? Сакам да претставам четири принципи кои ни помагаат да заземеме правилен став кон политиката.

**1. Водачот мора да практикува понизност и кротост.** Павле зборува За ваквиот пристап користејќи го извадокот од 2. Тимотеј 2,24-26: „А Господовиот слуга не смее да се расправа, туку треба да биде кроток кон сите, способен да поучува и да трпи; да ги воспитува со кротост оние кои се противат, та не би ли им дал Бог покајание, за полно познавање на вистината, за да се отрезнат од мрежата на ѓаволот, кој ги заробил за да ја исполну-

ваат неговата волја“

„Тешките луѓе“ во црквата не можат самите да се ослободат од сатанските стапици. Ниту, пак, ние може да се ослободиме. Тоа може да го направи само Божјето чудо. Со политика не може да се управува преку сила и срамотење, туку само со покажување на Исусовиот самопожртвуван дух во нашето однесување како водачи. Ниедна група нема да се откаже од себе, доколку нејзиниот водач не се одрекнува од себеси. Кога ги срамотиме луѓето, тие подигнуваат одбранбени ѕидови. Кога покажуваме понизност, нежност и кротост се отвора патот Бог да го менува срцето на другите. Самооткажувањето не е природно; кога се случува тоа е вистинско чудо. Најдобар одговор на политиката во црквата не е да го бараме нашиот чесен дел, туку треба да бидеме подготвени да се откажеме од нашите права заради корисaround на целината.

**2. Водачот мора да учи и да покажува сочувство.** Искреното сочувство секогаш кога ќе се појави претставува чудесен настан. По природа себичните човечки суштества се загрижени за своите интереси и права. Но задлабочувањето во Божјата благодат и милост може да ги отвори нашите очи кон страдањата на другите. Еден негативен пример за ова е параболата за немилостивиот слуга (Матеј 18,21-35). Не вреднувајќи ја милоста на царот, немилостивиот слуга не согледал дека неговиот ближен се наоѓа во иста положба која тој ја имал пред царот. Кога својот ближен би го гледал со очите на царот, би добил нови очила преку кои би го видел и разбрал срцето на другиот.

Ние развиваме сочувство во моментите кога ќе го доживееме Божјето сочувство кон нас. Сакаме затоа што Бог најпрвин нè засакал нас. Простуваме затоа што ни е простено. Сочувствуваме затоа што ни овозможува да видиме и да се грижиме за потребите на другите, за да пронајдеме начин да ги доведеме во рамнотежа различните интереси на начин на кој луѓето ќе се обединуваат а нè разединуваат.

**3. Водачот мора да има страст кон чесноста и праведноста.**

Некои луѓе, по својата природа имаат повеќе страст кон чесноста од другите. Но сепак, може да научиме да бидеме чесни. На одреден начин, чесноста не можеме да ја стекнеме додека не ја откриеме понизноста и сочувството. Духот на учење, заедно со сочувството ќе предизвикаат страст за правдата. Кога сме ги согледале фактите во одредена ситуација (колку што е можно) и кога длабоко се грижиме за сите вклучени страни, ќе може да ги насочиме луѓето кон најчесниот можен исход. Кога луѓето знаат дека водачот има намера да биде чесен, тие се склони да веруваат во овој процес.

**4. Водачот мора да направи разлика помеѓу јасното и нејасното.** Ова е особено важно кога теолошките дискусии ќе станат политички. Иако Библијата е правило на верата и практиката, сите работи не се толку јасни во Библијата. Разбирањето на разликите помеѓу она што е јасно и нејасно во Библијата ни помага да ги избегнеме расправиите околу идеите кои не се јасно изнесени во текстот. Од една страна, дискусијата може да ја согледа едната страна од вистината, но не и другата. Вистината често пати е распната меѓу половите. Кога луѓето гледаат дека Библијата јасно учи за работите кои нас ни изгледаат противречно, сфаќаме дека многу политички судири настануваат од натпреварувачките групи кои ја согледуваат само онаа страна на вистината која ѝ одговара на нивната група, а потоа се обидуваат да ги елиминираат од групата оние луѓе кои ги наведуваат да ја согледаат и другата страна.

Посветеноста на Писмото во однос на нашето мислење, подготвеноста да се покориме и да му веруваме на текстот е еден од најдобрите начини да управуваме со теолошката политика во црквата.

**Заклучок**

Би било убаво кога политиката би можела да се елиминира од црквата. Од друга страна тоа би можело да предизвика да станеме теолошки мрзливци. Често пати во срцето на судирите

луѓето ја отвораат Библијата со нова подготвеност да учат и da растат. Често пати во срцето на судирите сме во состојба да размислиме за ставовите на другите и да откриеме дека можеби можат и тие да се во право. Оној кој ги поставува и разрешува царевите е во состојба да управува со нередот, кој дури и во црквата, може да го создаде човековата политика.

*3. Сабота 4  март 2023 година*

## СРАМНО ПРАШАЊЕ
## (Марко 9,33-50)

**„И дојдоа во Капернаум, и кога беше во куќата, ги праша: „За што се расправавте патем?" А тие молчеа, зашто патем се расправаа меѓусебно за тоа кој е поголем."(Марко 9,33.34)**

Марко ни вели дека не му одговориле. Не одговориле бидејќи биле засрамени. Сѐ додека мислеле дека Исус не знае, звучеле разумно. Но, кога сфатиле дека Тој знае, дека разговарале за тоа како да го подобрат молитвениот живот или како подобро да му служат на Бога, со нетрпение би очекувале да му го раскажат разговорот на Исуса. Би рекле „Господе, прекрасно разговаравме! Сега знаеме како подобро да се молиме и поцелосно да им служиме на другите." Едвај би чекале да му раскажат. Но тие молчеле бидејќи се препирале кој од нив е најголем.

**А. Можеби се прашуваме: Како воопшто можело да дојде до ваква ситуација? Зошто се препирале кој е најголем?**

Марко не ни го дава одговорот, но постои една можност. Дали се сеќавате што се случило непосредно пред да ја започнат препирката кој од нив е најголем? Одговорот се наоѓа во првите 12 стихови на 9 глава.

Петар, Јаков и Јован штотуку се симнале од гор(† на преобразувањето. Тука виделе како Исус разговара со Мојсеј и Илија. Дури го слушнале и Божјиот глас од облакот како зборува: „Ова

е мојот возљубен син, него послушајте го“. Тоа било прекрасно и восхитувачко искуство.

Но кога слегувале од горага, Исус ги предупредил Петар, Јаков и Јован да не раскажуваат што виделе пред да се случи Неговото воскресение.

Како и јас, вие добро знаете дека чувањето на тајните претставува огромен товар. Но, исто така може да биде и предност, особено ако успеете на луѓето да им дадете до знаење дека знаете некоја тајна која нема да им ја кажете, зарем не?

**Б. Овде сакам да ја употребам својата мечта. Тоа не го пишува во Библијата, но може да замислам како се случуваат работите слични на оваа.**

Петар, Јаков и Јован биле многу возбудени кога Петар ги рекол следните зборови: „Тоа е најчудесната работа што ми се случила во животот.“ На тоа Јаков додал: „И мене исто така.“ „Никогаш не сум видел такво нешто“, дополнил Јован. „Се надевам дека наскоро ќе може да се вратиме на горага и повторно да го доживееме тоа.“

Кога слушнале што зборуваат останатите ученици станале љубопитни? За што зборувате? Што видовте?

Тогаш Петар можел да одговори: Па, не можеме да ви кажеме.“ Можеби еден ден ќе дознаете што видовме на горага, но моментно Исус сака само ние да го знаеме тоа и никому да не кажуваме.“

Ако Петар навистина рекол нешто вакво, тогаш сигурно можам да го слушнам Андреја како одоговара: „Мислиш дека си посебен, зарем не?“ Јас те запознав со Исуса. Да не бев јас, ти не би бил на ова место. Не си толку важен како што мислиш.“

Можеби Симон Зелот рекол: „Чекајте малку. Моето воодушевување е присутно во оваа група. Вие останатите одамна би се откажале кога не би бил јас.“ Еден по друг сигурно ја потврдувале својата големина.

**В. Восхитувачки е што Исус знаел за што разговараат. Но**

**Тој го познавал нивното срце и иако не му одговориле, точно знаел за што зборуваат. Затоа почнал да им зборува за големината.**

Марко 9,35: „Тој пак седна, ги повика Дванаесетте и им рече: 'Кој сака да биде прв, нека биде последен и слуга на сите!'"

Забележете дека Исус не ги осудил ниту, пак, ги укорил што копнееле за големина. Не рекол дека е нечесно да посакуваме да бидеме први. Не рекол дека е погрешно да посакуваме успех. Верувам дека Бог на сите нас ни ја дал таа вродена особина која прави да сакаме да бидеме успешни во работата. Исус не вели дека тоа е погрешно. Но Тој дава дефиниција за тоа што е „големина".

Што е „големина"? Вистинската големина се наоѓа во службата, во грижата за другите, подготвеноста да бидеме последни наместо секогаш да се ставаме на прво место. Тоа е спротивно на она што не учи светот.

Големината според светот се мери со бројот на животи кои ги контролирате.

Но Исус вели дека вистинската големина се мери со бројот на луѓе на кои им помагате и им служите.

Ако сме сериозни во нашиот христијански живот, мора да промениме нешто во нашето размислување. Ако стануваме христијани, тоа ќе го промени начинот на кој гледаме на работите и едни на други. Тоа ќе го промени начинот на кој го набљудуваме општеството. Тоа ќе ги промени односите помеѓу мажот и жената, децата и родителите.

Исус бил голем учител и знаел дека визуелните средства се најдобар начин за поучување кое ќе биде запаметено. Затоа повикал едно дете и го прегрнал.

Познатите сликари ја сликале оваа сцена, но се прашувам дали нивните слики биле навистина реални? Многумина детето го прикажувале со ангелски облик, со сина коса и очи, додека некои уметници околу неговата глава насликале дури и ореол.

Се сомневам дека тоа еврејско дете имало сина коса и сини очи. Иако малото дете понекогаш знае да изгледа како вистински

ангел, убеден сум дека се работело за просечно дете кое знае да биде непослушно, да се извалка да се налути и да плаче.

Исус го зел ова дете и рекол: „Кој прима едно такво дете во Мое име, Мене Ме прима, а кој Ме прима Мене, не Ме прима Мене, туку Оној Кој Ме испратил."

**1. Исус нè учи дека не треба да гледаме кој е кој**

**А.Зошто Исус го зел детенцето за да ни даде очигледна поука?**

Некој ќе рече дека Исус го зел детето за пример бидејќи тоа ништо не може да стори за нас. Детето не може да го подобри нашиот статус во општеството. Детето не може да придонесе во нашиот успех.

Спротивно на тоа, детето бара одредени работи. Секоја мајка и татко знаат дека родителите брзо учат што значи да се служи. Брзо учиме да се жртвуваме себеси, нашето време и својата енергија за да ги исполниме потребите на нашето дете.

Исус го зел детето и рекол: „Детето не може да стори ништо за вас. Детето не може да направи да изгледате поважни во очите на светот. Но детето може да ве научи како да служите."

Овде се воведува и второ визуелно средство кое дејствува неповрзано, иако всушност не е. Кога Исус рекол: „Кој прима едно такво дете во Мое име, Мене Ме прима", Јован го прекинал и му рекол: „Учителе, видовме еден - кој во Твое име - изгонуваше зли духови, а не оди по нас, и му забранивме, зашто не оди по нас" (Марко 9,38).

Дали гледате што ни зборува? Господе кој му дал право на овој да зборува во твое име? Тој не патува со нас. Тој не ги научил работите кои ние ги научивме. Тој нема право да го прави тоа."

Но, во стиховите 39-41 Исус одговара: „А Исус рече: „Не бранете му! Зашто нема никој, кој би правел чудо во Мое име и да може веднаш потоа да говори зло за Мене. Зашто, кој не е против нас, тој е со нас." И кој ќе ве напои со чаша ладна вода

во Мое име, затоа што сте Христови, вистина ви велам, нема да ја изгуби својата награда.“

Како овие зборови се вклопуваат во она што го зборува Исус? Тој вели: „Еве го човекот кој е многу сличен на ова дете. Тој треба многу работи да научи. Тој можеби ни нанесува срам, но искрено се труди да служи и поради тоа ќе биде награден. Немојте да му сметате.“

Исус го утврдил она што ги учел. Тој вели: „Немојте да работите само со луѓето кои можат да ја подобрат вашата положба. Не гледајте кој е кој. Одете и најдете ги, сакајте ги и освоите ги за царството небесно.“

**2. Имаме сериозна одговорност**

Второ, Исус ни зборува дека имаме голема одговорност: „А кој соблазни едно од овие мали, кои веруваат во Мене, подобро ќе му биде да му обесат на вратот воденички камен и да биде фрлен во морето“ (Марко 9,42).

Родители, учители и христијани, каков е вашиот пример? Какво е вашето влијание? Дали предизвикуваме некој да се сопне? Исус многу јасно не предупредува за Божјиот став кон оние кои предизвикуваат сопнување на другите луѓе.

**3. Не смееме да го предизвикуваме сопнувањето на другите луѓе**

**А. Трето, во стиховите 43-48 Исус истакнува на кој начин може да се погрижиме да не се сопнеме или да не го предизвикаме сопнувањето на другите.**

„И ако твојата рака те соблазнува, отсечи ја. Подобро е да влезеш без рака во животот, отколку со двете раце да отидеш во пеколот, во неизгорлив оган, каде нивниот црв не умира, и огнот не изгорува. Ако твојата нога те соблазнува, отсечи ја! Подобро е за тебе да влезеш во животот хром, отколку со двете нозе да бидеш фрлен во пеколот, каде нивниот црв не умира, и огнот не

изгорува. И ако и твоето око те соблазнува, извади го! Подобро е за тебе да влезеш во Божјото Царство со едно око, отколку да бидеш со двете очи фрлен во пеколот, каде нивниот црв не умира, и огнот не изгорува.“

Силни зборови, зар не? Овие зборови ни задаваат многу проблеми. Но, сетете се на контекстот. Исус зборува за нашиот живот, нашето влијание, за прифаќањето на луѓето и одговорноста која доаѓа со тоа. „И ако твојата десна рака те соблазнува, отсечи ја и фрли ја од себе; зашто ти е подобро да пропадне еден од твоите членови, отколку целото твое тело да отиде во пеколот.“

Со други зборови, Тој вели: Ако вашата рака прави нешто што предизвикува сопнување, или некој друг наведува да се сопне, подобро ќе биде да ја исечете отколку со две раце да одите во пекол и вечна смрт.

Исус се обидува да нагласи една многу важна поента. Не мислам дека Тој навистина сака да ја исечеме својата рака кога ќе згрешиме. Кога би било така многумина од нас не би имале ни една рака. Но, принципот е јасен, ако постои опасност нешто да не уништи, или едно од овие најмали, подобро ќе биде да се ослободиме од тоа. Порано Тој зборувал за гредата во нашето око додека се обидуваме да го извадиме трнот од окото на другиот. Пред да ги исполниме потребите во животите на другите, мора да се ослободиме од проблемите во нашиот живот.

Исус ни зборува да се преиспитаме. Толку сме обземени од осудувањето на другите што заборaваме да погледнеме на себеси. Исус вели: „Погледнете го сопствениот живот. Ако правите нешто што не треба и предизвикувате сопнување кај другите, ослободете се од тоа, бидејќи алтернативата е вечна смрт.“

Нашето влијание, нашето сведоштво и нашиот пример се многу важни. Многу поважни во Божјите очи отколку што можеме да сфатиме.

**Б. Конечно во 50 стих Тој вели: „Солта е добра, но ако солта стане несолена, со што ќе ја поправите? Имајте сол во себе и имајте мир помеѓу себе.”**

Најбрз начин да стекнеме мир е да престанеме да се осудуваме едни со други и да почнеме да се испитуваме себеси. Треба да испитаме што прават нашите раце, каде не водат нашите нозе и каде гледаат нашите очи.

Се надевам дека имате храброст искрено да погледнете и да ги согледате подрачјата во вашиот живот кои ве предизвикуваат заедно со другите да се сопнете. Бидете чесни кон себе и ослободете се од тоа пред да биде предоцна.

**ГРАДИВО ЗА САБОТНА ШКОЛА 1/2023**
**Мисионски проповеди**

*Издава:*
Христијанска адвентистичка црква,
црква на адвентистите
на седмиот ден

*Одговара:*
Томе Трајков

*Превод и техничка обработка:*
Мелита Томовска

**ЗА ИНТЕРНА УПОТРЕБА**